Претседателот Мицкоски во Гевгелија - старт на нова инвестиција од околу 20 милиони евра, по Нова година фирмите ќе можат да ги користат парите од унгарскиот кредит

Претседателот Христијан Мицкоски денеска во Гевгелија каде стартуваше нова инвестиција од околу 20 милион евра, финансиска поддршка од Министерство за земјоделие за Факултет за ветерина, по Нова година фирмите ќе можат да ги користат парите од унгарскиот кредит. Ова се настани кои го одбележаа денот.

Претседателот Мицкоски во Гевгелија, на камен темелник на Трговски центар, инвестиција вредна околу 20 милиони евра која ќе отвори 350 нови работни места.

МЗШВ додели финансиска поддршка од 13.500.000 денари на Факултетот за ветеринарна медицина.

Министерство за економија најави и нови кошнички, велигденска и рамазанска, заштедата по семејство е повеќе од 1 300 денари.

Фирмите ќе можат да ги користат парите од унгарскиот кредит по Нова Година.